**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ПСИХОЛОГИЈА*

**IV година**

## *УГОСТИТЕЛСКО- ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

### *Хотелско-туристички техничар*

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ***ПСИХОЛОГИЈА***

**1.2. Образовен профил и струка**
**1.2.1. Образовен профил:** хотелско-туристички техничар
**1.2.2. Струка:** угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1.** Заеднички предмет за струката

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1.** Број на часови неделно: 2 часа
**1.5.2.** Број на часови годишно: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
**1.6.1.** Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

По совладувањето на наставна програма по предметот ***психологија*** ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да ги дефинира предметот и гранките на психологијата, како и да ја разбира вредноста на психологијата како научна и практична дисциплина;
- да ги разликува психичките процеси и состојби;
- да ги применува стратегиите за успешно учење, помнење, решавање проблеми и донесување одлуки;
- да ја опишува структурата, динамиката и развојот на личноста;
- да се вклучува во комуникација, соработка и тимска работа;
- да се справува со конфликтни ситуации на работното место и во секојдневниот живот;
- да ги открие и почитува разликите меѓу корисниците на услугите во однос на нивната полова, социо-економска, возрасна, етничка и друга припадност и да се однесува во согласност со специфичностите на клиентите;
- да ја согледува важноста на мотивацијата за работа и задоволството од истата;
- да ги препознава мотивите кај корисниците на услугите и да влијае врз нивното донесување одлуки;
- да го разбира значењето на физичките, физиолошките, психолошките и социјалните фактори кои влијаат врз ефикасноста на работата;
- да го познава значењето на економската пропаганда за поттикнување на мотивацијата кај потенцијалниот корисник на услугите;
- да ги применува принципите на успешното работење;
- да изработува пропаганден материјал во областа на угостителството и туризмот;
- да решава проблеми и да донесува одлуки во деловни ситуации.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на зацртаните цели на наставната програма по предметот ***психологија*** потребно е ученикот да поседува знаења од наставните предмети: мајчин јазик со комуникација, основи на угостителство и туризам, економија на туризмот, историја на Македонија, маркетинг, агенциско работење, хотелско работење, практична настава, бизнис и култура на однесување од I, II, и III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на час. | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корела-ција меѓу тем. целини и меѓу пред-метите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ВОВЕД ВО ПСИХОЛОГИЈАТА** | **8** | ***Ученикот:***<br>- да ја дефинира психологијата како научна дисциплина;<br>- да ги класификува областите во кои се користат психолошките знаења;<br>- да ги разликува истражувачките техники во психологијата (прашалник, анкета и интервју);<br>- да ја објаснува практичната примена на психологијата во угостителството и туризмот. | - Дискутирање за научното и лаичкото толкување на психичките појави;<br>- објаснување на предметот и развојот на психологијата како наука;<br>- дискутирање за гранките на психологијата, особено психологијата на личноста, психологијата на трудот и социјалната психологија;<br>- презентирање на истражувачките техники во психологијата: прашалник, анкета и интервју;<br>- задавање задачи на учениците да изготват прашалник, интервју и | - Бизнис |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | анкета во согласност со спецификите на струката и нивно практикување. | |
| **2. ОСНОВНИ ПСИХИЧКИ ПОЈАВИ** | **22** | - Да ги разликува психичките процеси од психичките состојби;<br>- да разликува: дразба од осет, осет од перцепција, перцепција од претстава, илузија од халуцинација;<br>- да ги споредува принципите од обласtа на перцепцијата;<br>- да ги разликува повисоките когнитивни процеси: учење, помнење, мислење и говор;<br>- да ги применува принципите за подобрување на помнењето и намалување на заборавањето;<br>- да ги применува стратегиите за конструктивно и креативно решавање проблеми и донесување одлуки;<br>- да ги разликува различните емоции и чувства;<br>- да ги идентификува разликите во изразувањето | - Опишување на видовите психички процеси (осет, перцепција, учење, помнење, мислење, говор, емоција, мотивација) и психички состојби (внимание, будност, спиење и сон, посебни состојби на свеста);<br>- илустрирање на разликите меѓу осетите и перцепциите, перцепциите и претставите, илузиите и халуцинациите;<br>- поврзување на принципите од областа на осетливоста и перцепцијата со искуства од секојдневниот живот и нивна апликација во струката;<br>- презентирање на механизмите на основните видови учење и нивно илустрирање | - Практична настава<br>- Хотелско работење<br>- Агенциско работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на чувствата кај различни култури;<br>- да ги разбира позитивните и негативните страни на контролата на емоциите;<br>- да ја истакнува важноста на мотивацијата за однесувањето на поединецот и на групата;<br>- да ги разликува биолошките од социјалните мотиви;<br>- да ја разбира социјализацијата на биолошките мотиви кај човекот;<br>- да препознава состојби на фрустрации и причини што ги предизвикуваат;<br>- да ги познава различните видови одбранбени механизми како начини на реагирање во ситуации на фрустрација;<br>- да применува стратегии за конструктивно надминување на фрустрациите. | преку примери од секојдневното искуство;<br>- објаснување на поврзаноста на процесите учење, помнење и заборавање и на факторите кои влијаат на нив;<br>- презентирање на стратегии за решавање проблеми и донесување одлуки;<br>- објаснување на структурните карактеристики на јазикот и говорот;<br>- презентирање на класификациите на видовите емоции и чувства;<br>- демонстрирање на разликите во изразувањето на видовите емоции и чувства кај припадниците на различни култури;<br>- дебатирање за оправданоста на контролата на емоциите;<br>- дискутирање за улогата | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | на мотивацијата во однесувањето на човекот;<br>- споредување на биолошките и социјалните мотиви. | |
| **3. ПСИХОЛОГИЈА НА ТРУДОТ** | **10** | - Да ја објаснува мотивацијата за работа и задоволството од работата;<br>- да ги опишува мотивите кај различни корисници на услуги и начините на кои се влијае врз нивното донесување одлуки;<br>- да го објаснува значењето на изгледот на работните простории и на вработените како мотив за користење на услугите кај клиентите;<br>- да го објаснува значењето на економската пропаганда врз поттикнувањето на потрошувачката мотивација кај потенцијалниот корисник на услугите;<br>- да изработува пропаганден материјал за услугата што ја нуди (постер, плакат, видеоспот, соопштение);<br>- да го разбира значењето на физичките, физиолошките, | - Објаснување на мотивацијата за работа и задоволството од работата;<br>- поттикнување дискусија за влијанието на мотивацијата кај клиентите во донесувањето одлуки за користење на услугите;<br>- организирање посети на работни простории од струката и дискутирање за влијанието на нивниот изглед врз посетеноста од страна на клиентите;<br>- презентирање содржини за влијанието на економската пропаганда врз мотивацијата на потрошувачот;<br>- организирање работилници за изготвување пропаганден материјал за услугата | - Практична настава<br>- Бизнис<br>- Хотелско работење<br>- Агенциско работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | психолошките и социјалните фактори кои влијаат врз ефикасноста на работата. | што ја нуди дејноста;<br>- презентирање на факторите кои влијаат врз ефикасноста во работата. | |
| **4. ПСИХОЛОГИЈА НА КЛИЕНТИТЕ** | **16** | - Да ја опишува структурата, динамиката и развојот на личноста;<br>- да ги препознава особините на личноста (карактер, темперамент, способности, интереси);<br>- да го објаснува влијанието на наследните и срединските фактори врз развојот на личноста;<br>- да ги препознава специфичностите на однесувањето на адолесцентот;<br>- да ги дефинира поимите: став, предрасуда, вредност и морал;<br>- да ги опишува факторите кои влијаат на интерперсоналното и групното однесување;<br>- да го проценува однесувањето на странките во конкретни ситуации во | - Објаснување на структурата, динамиката и развојот на личноста;<br>- илустрирање на видовите особини на личноста преку примери од секојдневното искуство;<br>- дискутирање за улогата на наследството и на средината во формирањето на личноста;<br>- анализирање на однесувањето на адолесцентите во различни ситуации;<br>- објаснување на поимите став, предрасуда, вредност и морал;<br>- дискутирање за влијанието на ставовите и предрасудите врз однесувањето на индивидуата;<br>- дебатирање за | - Хотелско работење<br>- Агенциско работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | согласност со принципите на социјалната перцепција;<br>- да ја разбира улогата на првата импресија, наклонетоста и ненаклонетоста во проценувањето на личноста;<br>- да ги препознава карактеристиките на стабилна  и зрела личност;<br>- да го препозна девијантното и агресивното однесување;<br>- да ги разбира и со толеранција ги прифаќа културните и индивидивидуалните разлики во однесувањето на луѓето;<br>- да ги проценува странките во ситуации од угостителството и туризмот. | моралните дилеми со кои се соочува адолесцентот;<br>- организирање работилници за социјална перцепција. | |
| **5. ПСИХОЛОГИЈА НА КОМУНИКАЦИЈАТА** | **10** | - Да ги познава факторите за успешна комуникација;<br>- да разликува вербална од невербална комуникација;<br>- да ги препознава типовите на клиенти;<br>- да води професионална | - Објаснување на значењето на комуникацијата за ефикасност во работењето;<br>- опишување на факторите за успешно | - Бизнис<br>- Практична настава<br>- Хотелско работење<br>- Агенциско работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | комуникација со странките и со соработниците;<br>- да ги опишува принципите на перзуазијата (убедувањето) и ги применува во конкретни ситуации;<br>- да го објаснува значењето на оценувањето на другите личности (прва импресија, наклонетост и ненаклонетост);<br>- да ги идентификува видовите конфликти и начините на нивно разрешување (реалистични и нереалистични);<br>- да применува соодветна комуникација кај различни типови клиенти;<br>- да ги препознава конфликтните ситуации и да ги применува во конкретни ситуации стекнатите знаења за разрешување на конфликтите. | комуницирање;<br>- демонстрирање примери за успешно работно комуницирање;<br>- откривање на начините за убедување на клиентите за користење на услугите што ги нуди дејноста;<br>- објаснување на значењето на првата импресија при средбата со странката;<br>- објаснување на поимите фрустрација и конфликт;<br>- поттикнување дискусија за влијанието на фрустрациите и конфликтите во појавата на стрес;<br>- опишување и илустрирање на видовите одбранбени механизми со примери од секојдневниот живот;<br>- симулирање конфликтни ситуации помеѓу давател на услуга и клиент заради вежбање за правилно разрешување конфликтни ситуации. | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по ***психологија*** наставникот применува разновидни наставни методи кои се засновани на набљудување, демонстрирање, базирани на живиот збор (монолог или предавање, дијалог, дискусија, дебата), работа со текст , како и оние методи кои претставуваат непосредна практична активност на учениците (симулирање на одделни ситуации, играње улоги, учење со откривање). Посакувана е комбинација на наставните техники во текот на часот со што ќе се обезбеди поефикасно и порационално стекнување на нови знаења, умеења и навики и поуспешно повторување и утврдување на содржините. Овие наставни методи подразбираат и примена на различни наставните форми: работа во групи, во парови или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, ги ангажира учениците со изработка на проекти, поттикнува учење со откривање, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го оценува знаењето и вештината на ученикот.

Активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, заклучување, истражување, изработка на проектни задачи, изработување домашни задачи, илустрирање, играње улоги и друго. Од учениците ќе се бара да доаѓаат до информации од различни извори, да поставуваат прашања на кои ќе бараат одговори, критички да размислуваат и да изнаоѓаат креативни решенија.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет ***психологија*** се реализира преку редовна настава за која е определен неделен и вкупен фонд на часови. Наставниот предмет се изучува со 2 часа неделно во тек на една учебна година. Наставните содржини се во функција на општото образование, професионалната ориентација и личниот развој на учениците. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, правење проекти на дадена тема, гледање на видеофилмови и ЦД-а, организирање работилници на теми од програмата кои се прилагодени на интересите на учениците.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигање на целите предвидени со програмата по предметот ***психологија*** ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, стручни списанија и слично. На часот   можат да се  користат достапните наставни средства и помагала: графоскоп, компјутери, ЛЦД проектор, телевизор, ЦД - а, видеоленти, слики, цртежи и друго.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата. Оценувањето на учениците се врши континуирано во тек на целата учебна година, со користење на различни методи и инструменти (усно презентирање, есејски трудови, тестови на знаење и други форми). Постапките за оценување треба да бидат однапред познати на учениците. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две сумативни оценки.

## 6. РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***психологија*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата,  да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***психологија*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- ***психологија;***

и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***психологија*** се реализира во кабинет-училница, опремена според нормативот за простор и опрема за образовниот профил хотелско-туристички техничар.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: март 2008 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. Чедомир Димовски, раководител, советник во Центарот за стручно образовани и обука - Скопје
2. д-р Елена Ачковска-Лешковска, доцент, Филозофски факултет - Скопје (Институт за психологија)
3. Валентина Велковска, психолог, СУГ-Скопје „Лазар Танев"
4. Бојанчо Ристовски, менаџер, ПЦ Хотел "Јадран" (АД Македонија турист) - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување**: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***психологија*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број 11- 4721/15 од 20. 06. 2008 година.